
Про
Лето
Есен
Зима
Глобално Затоплување

Ластовичка

Здраво, здраво, поле, ниво!
Мили деца, здраво - живо!

Здраво гнездо, дом од злато.
За љубовта прав е патот.

Летав преку море, река,
знаев тука ти ме чекаш.

На крилцата мои лесни
ти донесов црцор, песни.

А за сите деца смели
носам пролет - китки бели.

Здраво, здраво, поле, ниво!
Ej, на сите, здраво - живо!

Назад

Поздрав до летото

Јуни секогаш ни е гостин драг.
Еве сега ни пристигна пак!
Тој од нас никогаш ништо не проси,
а што ќе му побараме - од срце ни
носи.

Мај што ќе засади и ќе посее,
јуни ќе го обере и ожнее...
Тоа го прави секое лето.
И затоа е најсакан месец на светот.

Зар не ти е убаво и тебе, кажи
кога со јуни шеташ по песочните
плажи?
Или кога летуваш некаде во планина?
Можеш ли да ја опишеш таа убавина?

И не треба да се чудиш,
или нешто да те буни.
Зашто и летото почнува во
јуни.

Затоа, ајде вака да
направиме:
Со песна и игра летото да го
поздравиме.

Додека ни е гостин, додека
трае
секој од нас - каде и да е
да биде весел, да игра, да се
смее.
Како јунското сонце нас што
не грее!

Назад

Есен

По гранките
плодот
жолто - златен зрее
и чиниш ќе падне
на ветрот што вее

Се смуртило небото
со сивкаста боја
орач жито жнее
на нивата своја
За топлото лето
птица една тажи
дожде ситно паѓа
земјата ја влажи

Назад

Студ

Овој студ е многу чуден,
камен пука, јас сум буден
штипе, боцка како шило,
ќе те касне каде било,
најчесто по образ, нос,
каде што си гол и бос.
Кога сечко дува, коси
настинка во џебот носи.
Иако сум многу мал,
носам џемпер, волнен шал,
ракавички топли, ете,
што бабичка ми ги сплете.
А и чизми, со нив шетам,
како птица сегде летам.
Скокам, пеам на сет глас,
не се плашам од студ, мраз.

Назад

Глобално Затоплување

Глобалното затоплување, кое се должи на ефектот на стаклена градина е проблем поврзан со можните глобални климатски промени предизвикани од зголеменото ниво на таканаречените стекленички гасови во атмосферата. Научниците излегоа со тврдење дека зголеменото присуство на овие гасови ќе резултира со глобално покачување на температурата кое, пак би имало бројни негативни па дури и непоправливи ефекти врз животната средина.

ПРОЛЕТ,ЛЕТО,ЕСЕН, ЗИМА.... ГЛОБАЛНОТО ЗАТОПЛУВАЊЕ

Поради глобалното затоплување на земјата Планета, Летата се многу потопли,Зимите се повеќе студени а Пролета и Есента веќе не ги чуствуваме како годишни времиња.



Што треба да се направи за да се спречи затоплувањето?

Што може владата да направи?

Што можат луѓето да направат?

Човековото влијание на глобалното затоплување денес, за прв пат во историјата на Земјата, луѓето ја имаат, можеби, одлучувачката улога за иднината на климатските промени. Потоплата иднина може да беде резултат на денешните активности на луѓето во кои се ослободуваат големи количини на гасови кои ја задржуваат топлината. Овие гасови се дел од причините за зголемување на темп. за 0,5 степени за последните 100 год. Денес за секој од над 6 милијарди луѓе на планетата скоро 6 тони CO_2 се исфрла во атм годишно . Како резултат на нашите активности конц. на CO_2 е покачено за 30 % во последните 250 год.Индустриски развиените земји денес најмногу ослободуваат CO_2 , додека емисијата на CO_2 во земјите во развој е во подем. Човекот треба да ги намали сите тие штетни влианија.

Назад

Владата може да покрене акција за пошумување. Исто така би можела да обезбеди масовен транспорт. Владата може да постави стандарди за чистота на воздухот и филтри на оџаците. За да помогне кон спречување на глобалното затоплување владата може да забрани сечење на природата, а исто така може да инвестира во флуоресцентното осветлување и користење на сончева енергија наместо нуклеарни и термоцентрали.

Назад

Секогаш кога е можно луѓето треба да пешачат, да возат велосипед или да го користат јавниот превоз. Доколку користат автомобил треба да изберат таков кој нема многу да троши. Дома, треба да ги исклучуваат светлата кои непотребно горат и да го исклучуваат телевизорот кога не го гледаат. Светилките треба често да ги менуваат бидејќи нови произведуваат помалку CO_2. Доколку ги заменуваат електричните уреди треба да земат такви кои се енергетски најефективни. При миење на садови треба да користат ладна или топла вода, а не жешка. При греење на водата не треба да ја загреваат над 70 степени. Што се однесува до отпадоците, тие треба да се рециклираат. Луѓето исто така треба да посадуваат дрвја во близина на својот дом.

ООУ"Јоаким Крчовски"
Крива Паланка
Изработка:
Кристијан.Младеновски
Бојан.Митковски
Теодор. Спасовски
Теодор.Ангеловски